ЕУ со ТЕБЕ

# ЧЕТВРТА ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ПОСТОЈНИТЕ ЈАВНИ ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И АЛАТКИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ



**мај 2023**

Проектот е кофинансиран од Европската унија.

Спроведуван од Фондација Метаморфозис во партнерство со Конект

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

КОНЕКТ

**Автор: Ѓорѓи Рајчиноски**

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Техничка и интегрирана заштита на лични податоци – градење инклузивен дигитален екосистем“, поддржан од Европската Унија, а спроведуван од Фондацијата „Метаморфозис“ и Здружението „Конект“. Содржината од оваа публикација е единствена одговорност на Фондација „Метаморфозис“ и на авторот и на ниеден начин не ги одразува ставовите на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

........................................................................................................................................3

ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

........................................................................................................................................4

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПРОГРЕСОТ НАПРАВЕН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

........................................................................................................................................7

# 1. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Четвртото оценување на усогласеноста на обезбедените дигитални услуги од страна на владините институции со Законот за заштитата на личните податоци (во натамошниот текст: ЗЗЛП), за периодот февруари – мај 2023 година, се врши како продолжение на претходно извршените оценки.

Анализата и оценувањето се врши врз основа на претходната подготвена и користена методологија и дадените заклучоци и препораки од авторите, со цел следење на резултатите и на промените направени од страна на владините институции.

Главната цел на истражувањето е да се процени напредокот на испораката на дигиталните услуги и нивната усогласеност со ЗЗЛП.

Единствената разлика во методолошкиот пристап на подготвување на оваа анализа се однесува на тоа што во оваа анализа прибирање податоци се врши единствено преку онлајн набљудување односно анализирање на веб-страниците и онлајн апликациите каде што се нудат дигиталните услуги врз основа на параметрите поставени методологијата.

# 2. ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

| Контролор | Дигитална услуга | Дефинирање на дигиталните услуги и нивната достапност | Транспарентност на обработката на личните податоци | Предвидени технички и организациски мерки за заштита на личните податоци | Вкупна оценка |
|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за внатрешни работи** | Закажување термин за лични документи (лична карта, патни исправи, возачка дозвола) | 4/5 | 5/8 | 2/6 | 11/19 |
| **Министерство за финансии** | Е-сервиси | 2/5 | 4/8 | 5/6 | 11/19 |
| | Е-обврски | 2/5 | 3/8 | 3/6 | 8/19 |
| | Е-циркулар | 3/5 | 1/8 | 3/6 | 7/19 |
| | Е-аукции | 3/5 | 1/8 | 3/6 | 7/19 |
| | ФАМА | 1/5 | 1/8 | 2/6 | 4/19 |
| | Електронски систем за пријавување обврски | 3/5 | 2/8 | 3/8 | 8/19 |
| | Е-пресуди | 2/5 | 0/8 | 1/6 | 3/19 |
| **Царинска управа** | Нов компјутеризиран транзит систем | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи | 4/5 | 6/8 | 4/6 | 14/19 |
| | EXIM | 3/5 | 0/8 | 3/6 | 6/19 |
| | Интегрирана тарифна околина | 2/5 | 0/8 | 1/6 | 3/19 |
| | Портал за електронска комуникација | 1/5 | 3/8 | 3/6 | 7/19 |
| **Управа за јавни приходи** | Електронски услуги за даночни обврзници | 4/5 | 1/8 | 3/6 | 8/19 |
| | Електронска услуга за пријавување персонален данок | 3/5 | 1/8 | 3/6 | 7/19 |
| | Електронски аукции | 4/5 | 2/8 | 2/6 | 8/19 |
| | Поврат на ДДВ | 4/5 | 4/8 | 3/6 | 11/19 |
| **Управа за финансиско разузнавање** | Доставување извештаи до УФР | 3/5 | 2/8 | 4/6 | 9/19 |
| | Рестриктивна веб-платформа | 4/5 | 4/8 | 3/6 | 11/19 |
| **Управа за финансиска полиција** | Пријави кривично дело | 4/5 | 7/8 | 4/6 | 15/19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за правда** | База на закони, подзаконски акти и други прописи | 2/5 | 0/8 | 3/6 | 5/19 |
| **Управа за водење матични книги** | Е-портал за издавање изводи од матични книги | 4/5 | 2/8 | 5/6 | 11/19 |
| **Биро за судски вештачења** | Барање за услуга – вештачење, процена, стручна анализа | 4/5 | 1/8 | 1/6 | 6/19 |
| **Министерство за транспорт и врски** | е-дозволи: одобрение за градење, доградба и надградба; барање за измени во текот на изградбата; барање за промена на инвеститор, барање за издавање одобрение за употреба на градба; барање за издавање одобрение за реконструкција; барање за издавање одобрение за пренамена; барање за издавање одобрение за адаптација; барање за одобрение на подготвителни работи; барање за одобрување идеен проект и барање за издавање решение за изведување градби за кои не е потребно одобрение за градење. | 4/5 | 2/8 | 4/6 | 10/19 |
| **Инспекциски совет** | Претставка за работа на инспектор | 5/5 | 6/8 | 2/6 | 13/19 |
| **Државен инспекторат за градежништво и урбанизам** | Онлајн претставка | 4/5 | 7/8 | 2/6 | 13/19 |
| **Министерство за економија** | Е-концесии | 5/5 | 4/8 | 3/6 | 12/19 |
| | Е-аукции | 3/5 | 0/8 | 2/6 | 5/19 |
| **Државен пазарен инспекторат** | Пријава од граѓани | 4/5 | 7/8 | 2/6 | 13/19 |
| **Државен инспекторат за техничка инспекција** | Онлајн контакт форма | 4/5 | 7/8 | 2/6 | 13/19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Државен инспекторат за земјоделство** | Е-услуги: | 4/5 | 8/8 | 2/6 | 14/19 |
| | Фитосанитарни барања | 4/5 | 8/8 | 2/6 | 14/19 |
| | Извоз на вино | 4/5 | 8/8 | 2/6 | 14/19 |
| | Уверение за квалитет | / | / | / | Услугата не е достапна |
| | Утврдување услови | 4/5 | 8/8 | 2/6 | 14/19 |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | Систем за управување со учење | 2/5 | 2/8 | 2/6 | 6/19 |
| **Министерство за труд и социјална политика** | Мобилна апликација за пријавување насилство | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4/19 |
| **Државен инспекторат за труд** | Поднесување претставка од физичко или од правно лице и анонимна претставка | 4/5 | 6/8 | 2/6 | 12/19 |
| **Министерство за образование и наука** | Информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници | 2/5 | 0/8 | 2/6 | 4/19 |
| **Биро за развој на образованието** | Онлајн платформа за ран детски развој за воспитувачи, одделенски наставници и за родители | 4/5 | 0/8 | 3/6 | 7/19 |
| **Фонд за пензиското и инвалидското осигурување** | www.uslugi.piom.com.mk | 4/5 | 1/8 | 2/6 | 7/19 |
| **Фонд за здравствено осигурување** | https://fzo.org.mk/pristap-web-portal-e-uslugi | 4/5 | 4/8 | 3/6 | 11/19 |
| **Министерство за здравство** | www.vakcinacija.mk | 4/5 | 5/8 | 5/6 | 14/19 |
| | MK Wallet | 3/5 | 5/8 | 3/6 | 11/19 |
| **Агенција за катастар на недвижности** | OSSP (katastar.gov.mk) | 4/5 | 5/8 | 4/6 | 13/19 |
| | I-kat мобилна апликација | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4/19 |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | https://ewmis.moepp.gov.mk/ | 0/5 | 0/8 | 3/6 | 3/19 |

# 3. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПРОГРЕСОТ НАПРАВЕН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Врз основа на добиените резултати и споредбата со претходниот извештај, можеме да дојдеме до генерален заклучок дека институциите немаат особен напредок во процесот на усогласување, во однос на резултатите од претходниот извештај.

Може да се констатира дека државните институции во одредени делови можат лесно да ги подобрат своите резултати по дадените параметри.

Како позитивни примери (особено кога ќе ги споредиме и резултатите од претходните оценки) можат да се издвојат Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Управата за финансиско разузнавање, кои и покрај тоа што и на претходното оценување имале високи оценки, прикажаа напредок и подобри резултати при оценувањето во овој период.

Исто така, Управата за финансиска полиција и Инспекцискиот совет беа оценувани по првпат, меѓутоа покажаа висок степен на усогласеност.

Поголем напредок е детектиран кај Министерството за внатрешни работи (од 4/19 на 11/19) и тоа, пред сè, се должи на зголемување на оценките кај „дефинирање на дигиталните услуги и нивната достапност“ и „транспарентност на обработката на личните податоци“ што е одличен сигнал за основа што може да се надградува понатаму.

Загрижувачки е фактот што сè уште има услуги што имаат оценка помала од 10/19 и на тие институции што ги овозможуваат услугите да им се помогне соодветно.

Доколку на оваа оценка правиме некаква анализа од аспект на оценуваните теми, можеме да го констатираме следното:

За делот „**Дефинирање на дигиталните услуги и нивната достапност**“ се констатира дека институциите иако за најголем дел од своите дигитални услуги имаат законска основа за обработка на личните податоци, тие не го дефинираат тоа на доволно јасен начин, притоа не објавувајќи ги прописите што се релевантни за таа обработка, како и не ги објавуваат деталите за обработката што се врши од страна на обработувачи, а голема е веројатноста дека се ангажирани обработувачи од најголем дел од институциите.

Позитивно во овој дел е тоа што голем дел од институциите објавуваат упатства за користење на своите услуги.

Кога станува збор за делот „**Транспарентност на обработката на личните податоци**“, може да се каже дека претставува можеби најслабата алка во системите за заштита на личните податоци на институциите.

Најголем дел од институциите речиси и да немаат објавено соодветни информации во врска со обработката на личните податоци, а уште поретки се оние што го наведуваат рокот на нивно чување.

Исто така, оние институции што објавиле одредени информации, документација и слично, многу често ги поставуваат на места на кои не се лесно видливи и достапни.

При оценка на **„Предвидените технички и организациски мерки за заштита на личните податоци“**, највоочливо е необјавувањето Процедура/Методологија за вршење процена на влијанието врз заштитата на личните податоци. Иако за ова не постои изречна обврска за јавно објавување, би претставувало добра практика тие да биде објавени, како и да се објавуваат извршените процени или најмалку извештај од нив. Тука се поставува прашањето колку од институциите ја користат оваа можност што ЗЗЛП ја дава.

Со оглед на ограничениот напредок во процесот на усогласување со Законот за заштита на личните податоци, во овој извештај констатираме дека остануваат да важат сите претходни заклучоци и препораки, со тоа што дополнително ќе се утврдат заклучоци за причините поради кои се смета дека не е постигнат поголем напредок во делот на усогласување со законот.

Ограничениот напредок може да биде резултат на повеќе фактори, и тоа:

**ЗАКЛУЧОК 1:** Институциите што на своите веб-страници имаат истакнато Политики за приватност и колачиња, податоци за офицерот за заштита на личните податоци, како и другите документи што влијаат врз транспарентноста, како и врз законитоста и остварувањето на правата на субјектите на личните податоци, не го овозможуваат истото на поддомените на нивната веб-страница (на пример: на веб-страницата www.finance.gov.mk има истакнато Политика за приватност, но не и на поддоменот https://e-trezor.finance.gov.mk/eobvrski/home.seam;).

**ПРЕПОРАКА 1:** Институциите што имаат веб-страници од кои произлегуваат поддомени, соодветно да го третираат делот за приватност и заштита на личните податоци и да ги објавуваат сите потребни информации, вклучително и упатствата за користење, соодветните процедури и сл.

**ЗАКЛУЧОК 2:** Политиките за приватност/колачиња најчесто не ги содржат сите потребни податоци и не ги опфаќаат услугите што се овозможуваат преку веб-страницата.

**ПРЕПОРАКА 2:** Ажурирање на содржините на веб-страниците (вклучително и на поддомените), со цел да ги содржат сите потребни информации.

**ЗАКЛУЧОК 3:** Очигледно е невложување во човечкиот капитал и тоа: офицерите за заштита на личните податоци во многу ситуации првично работат други задачи (иако идејата на законот е офицерот да извршува други работи дополнително, доколку има таква можност); недоволна нивна едукација; немање можност (одредена платформа) за споделување искуства;

**ПРЕПОРАКА 3:** Институциите што имаат поголем обем на обработка на лични податоци, повеќе активности за обработка на личните податоци, потребно е да систематизираат работно место – Офицер за заштита на лични податоци, на позиција што ќе биде самостојна и независна и ќе одговара директно пред највисокото раководство.

Исто така, ЗЗЛП предвидува можност за ангажирање со Договор за извршување услуги, што дава можност некоја институција или повеќе институции да ангажираат лице со соодветни знаења и вештини за да ги извршува сите работни обврски.

**ЗАКЛУЧОК 4:** Незаинтересираност и немање свест од раководството на институциите во врска со оваа тема, иако за дел од институциите во минатото беа објавени информации за одредени нарушувања на безбедноста на личните податоци (хакирани веб-страници, апликации, хакирани системи итн.).

**ПРЕПОРАКА 4:** Комуницирање на извештајот и поголема активност на невладиниот сектор во детектирање и во подлабинска анализа на системите за заштита на личните податоци, особено на оние институции што овозможуваат повеќе дигитални услуги.

**ЗАКЛУЧОК 5:** Во текот на спроведување на оваа анализа, беше констатирано дека одредени услуги се случува да бидат привремено недостапни, а некои се целосно исклучени.

**ПРЕПОРАКА 5:** Овозможување соодветни технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на личните податоци, со цел овозможување континуитет на услугите и исклучување на нефункционалните сервиси.

**ЗАКЛУЧОК 6:** Поврзано за употребата на колачиња ("cookies"), констатирано е дека дел од институциите не обезбедуваат претходна согласност за користење колачиња од страна на корисникот на веб-страницата.

**ПРЕПОРАКА 6:** Овозможување претходна согласност со можност за прифаќање и одбивање на користење колачиња.